Бр./Nr 12-3257/7

30-06-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-3207/1 од 16.09.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3207 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-3207/1 од 16.09.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот). Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно извршување на службената положба и овластувања на лица кои немаат статус на именувани и избрани лица, т.е. немаат статус на службени лица согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Пријавата е сукцесивно надополнета на 02.10.2020 година и на 13.10.2020 година.

Ценејќи ја содржината на доставената пријава, доставените прилози и дополнувањата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Изнесените наводи во пријавата не упатуваат на коруптивни дејанија од страна на службени лица, заради што следуваше ДКСК да одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**